A-PDF Image To PDF Demo. Purchase from www.A-PDF.com to remove the watermark

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 09-1311/1
21.12 2023 год.
ЗРНОВЦИ

**ОПШТИНА ЗРНОВЦИ**

Општина Зрновци, Илинденска бр.186, 2305 Зрновци,email: info@zrnovci.gov.mk , www.zrnovci.gov.mk , тел: 033/353 105

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ, ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО ОПШТИНА ЗРНОВЦИ ОД ДЕЛОКРУГОТ НА МЛАДИ ВО 2023 ГОДИНА

Зрновци, декември 2023

Почитувани,

Согласно член 23 став 2 од Законот за младинско учество и младински политики, именуваниот Службеник за млади од Општина Зрновци е должен да изготви Годишен извештај за реализираните цели, проекти и други активности во институцијата од делокругот на младите и истиот да го достави до Агенција за млади и спорт, заклучно со Јануари 2023 година за претходната 2023 година.

На 11.05.2021 година, со Решение 09-234/1, како Службеник за млади во ЕЛС Општина Зрновци беше назначено лицето Благој Данев.

Локалниот младински совет е актуелен и неговиот мандат трае до 08.02.2025 год. После Нова година општина Зрновци ќе отпочне процедура за избор на нов состав на истиот.

**ХРОНОЛОГИЈА на настани и активности поврзани со млади и за млади**

Во текот на 2023год. ЛМС – Зрновци активно работеше во неколку области и тоа: спорт, едукација, животна средина, младинско учество и др.

1. **Младинско учество:**
   - член на ЛМС учествуваше во ,,Регионална конференција за младински политики и конструктивни наративи на локално ниво'' во организација на УНДП.
2. **Едукација:**
   - Проекција на филмот ,, Што е тоа жена? '' – во кој се истакнати примери за последиците од законот за родова еднаквост и како се одразуваат на жената.
3. **Животна средина:**
   - На денот на планетата земја, 24ти април, членовите на ЛМС заедно со учениците од 9то одделение при основното училиште ,,Синиша Стоилов'' – Зрновци, учествуваа во акција за собирање на отпад. Во оваа акција беше соберена голема количина на отпад со што се приближивме до нашето мото за мојот почист роден крај.
   - На денот на пролетта, 21-ви Март под мотото: ,,Засади со љубов'' засадивме садници со дрва заедно со учениците од основното училиште.
4. **Спорт:**

   Во областа на спортот ЛМС организираше неколку турнири и урбано-ридски крос, со што ја подигаме свеста за спортување и водење на здрав начин на живеење кај младите. За најбрзите во урбано-ридскиот крос како и за најдобрите екипи следуваа медали како и пехари и парични награди.
   - Урбано-ридски крос ,,Младите трчаат'' кој се одржа на 28-ми Мај, почнувајќи од повеќенаменското спортско игралиште ,,Васе Ангелов'' до манастирот ,, Св. Тома'' – Зрновци.
   - Турнир во фудбал во чест на капетан Синиша Стоилов, оддржан на 10 јуни.

- Турнир во фудбал ,, Илинденски спортски игри'' оддржан на 1-ви Август.
- Турнир во мал фудбал во чест на патронот на нашата црква ,,Св.Димитриј'' а воедно и денот на нашата општина – 8-ми Ноември.

5. **Забава и дружење**
   - Маскенбал по повод денот на шегата 1-ви Април, а забавата ја збогативме со нашата добро позната група ,,Куку Леле'' .
   - Забава по повод денот на општината која исто така беше збогатена со музика.

- Службеникот за млади и Председателката на ЛМС на 19.12.2023 присуствуваа на националната конференција за младинско работење која се одржа во хотел Александар палас а во организација на Сојузот на младинска работа.
- Службеникот за млади и Председателката на ЛМС на 06.12.2023 присуствуваа на првата форумска регионална сесија организирана во хотел Изгрев – Штип од страна на ЦРИПР а со цел избор на регионални проекти во рамки на источниот плански регион
- Службеникот за млади и Председателката на ЛМС на 25-26.10.2023 присуствуваа на Регионалната конференција за младински политики и конструктивни наративи на локално ниво која се одржа во ресторан „Јавна соба" во Скопје во организација на УНДП и други подржувачи.
  - Од страна на Клубот за младински прашања и политики бевме контактирани со цел да дадеме придонес со забелешки и сугестии во врска со измените на законот за младинско учество и младински политики

Општина Зрновци во ЛМС гледа достоен партнер и истиот е вклучен во сите позначајни процеси манифестации и настани во општината. ЛМС има доделена канцеларија за младинска работа и дружење која се наоѓа во склоп на Мултифункционалниот центар во Зрновци.

Општината во 2023 год има подржано со стипендија 15 ученици ( основно и средно) и 4 студенти.

ЛМС и општина Зрновци немаат директно учествувано во изготвувањето на Стратегијата за млади 2023 – 2027.

Зрновци, 21.12.2023

Општина Зрновци
Службеник за млади
Благој Данев

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр.: 09-1311/2
21.12 2023 год.
ЗРНОВЦИ



## Прилог 3 – Табела за самоевалуација на работата на службениците за млади

| Број | Активност | Да | Делумно | Не | Краток опис / забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЦЕЛ 1. Почитување и застапување на основните вредности на младинските политики** | | | | | |
| 1. | Поттикнувам сеопфатно учество на сите заинтересирани млади во процесот на одлучување и во подготовката на младински политики | | X | | |
| 2. | Редовно комуницирам со службениците за млади на локално и национално ниво | | X | | |
| 3. | Ги вклучувам младите и младинските организации кои ги застапуваат правата на маргинализираните и ранливите групи на млади во процеси на консултации и донесување одлуки | | X | | |
| 4. | Редовно и заеднички преземам активности во соработка со младите и младинските организации | X | | | |
| **ЦЕЛ 2. Овозможувачка средина за младите** | | | | | |
| 5. | Мојата институција ја препознава позицијата службеник за млади како одговорна за младинските политики и младинското учество | | X | | |
| 6. | Организирам координативни и советодавни состаноци меѓу младите, младинските организации и претставниците на институцијата | | X | | |
| 7. | Се ангажирам за што поголема вклученост на младите во процесот на одлучување и креирање политики за млади | X | | | |
| 8. | Ги следам и ги имплементирам европските и меѓународните документи за унапредување на положбата на младите | | | X | |
| 9. | Учествувам во изработката на правните и стратешките документи на институцијата заради унапредување на положбата на младите | | | X | |
| 10. | Учествувам во советување и давање предлози на институцијата со цел интегрирање на младинските мислења и интереси | | X | | |
| 11. | Постигнати се успеси при вклучувањето на младите во процесот на одлучување и креирање политики во рамки на институцијата | | X | | |
| 12. | Институцијата има креирано различни пристапи за комуникација со младите и за прибирање на нивното мислење | | X | | |

| Број | Активност | Да | Делумно | Не | Краток опис / забелешки |
| --- | --- | --- | --- | --- | --- |
| **ЦЕЛ 3. Активна соработка со млади** | | | | | |
| 13. | Активно ги информирам младите за активностите и политиките на институцијата за младите (под активно информирање се подразбира информирање иницирано од страна на институцијата, не на барање на младите) | X | | | |
| 14. | Ги помагам и ги поддржувам процесите за добивање потребни информации од институцијата, а кои ги побарале младите | X | | | |
| 15. | Запознаен/а сум со програмите и активностите на младинските форми на здружување | X | | | |
| 16. | Редовно ги споделувам успесите на младите со пошироката заедница и внатре во институцијата | X | | | |